ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ** јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. за регулиран период 2024-2026 година**

1. На КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:
   - за 2024 година
     - за категорија домаќинства во износ од 14,71 ден/$m^3$
     - за категорија останати во износ од 19,57 ден/$m^3$
   - за 2025 година
     - за категорија домаќинства во износ од 14,94 ден/$m^3$
     - за категорија останати во износ од 19,87 ден/$m^3$
   - За 2026 година
     - за категорија домаќинства во износ од 15,18 ден/$m^3$
     - за категорија останати во износ од 20,19 ден/$m^3$.

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
   - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и
   - да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на донесување а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. со седиште на ул.Булевар 1-мај бб Битола, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр.08-301/23 од 8 мај 2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги, донесе Решение за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. за регулиран период 2024 – 2026 година, УП1 бр. 08-301/23 од 1 декември 2023 година.

Управниот одбор на КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О., донесе Одлука за утврдување на тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 по категории на корисници бр.02-1271/5 од 13.12.2023 година.

Со оглед на тоа што во законскиот утврден рок од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката за утврдување на тарифа на водната услуга, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги постапи согласно член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга.

Регулаторната тарифа утврдена со ова решение, давателот на водната услуга КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. е должен да ја применува до донесување на решение за утврдување на тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води врз основа на доставен План за прилагодување на тарифата.

**Анализа од Регулаторна комисија за енергетика**

По анализата на податоците за регулираниот период 2024 - 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 70.825.235 | 72.252.068 | 73.711.639 |
| Амортизација | денари | 8.320.963 | 8.120.499 | 7.923.123 |
| Средства за ликвидност | денари | 417.607 | 424.359 | 431.616 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 9.500.000 | 11.500.000 | 11.500.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 4.375.240 | 4.499.259 | 4.688.513 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 83.939.045 | 85.296.185 | 86.754.892 |
| **Количина - домаќинства** | $m^3$ | 3.839.320 | 3.839.320 | 3.839.320 |
| **Количина - останати** | $m^3$ | 1.177.966 | 1.177.966 | 1.177.966 |
| **Тарифа за домаќинства** | ден/$m^3$ | 14,71 | 14,94 | 15,18 |
| **Тарифа за останати** | ден/$m^3$ | 19,57 | 19,87 | 20,19 |

Оперативните трошоци за регулираниот период 2024 - 2026 година се утврдени да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се утврдени согласно остварениот трошок во 2022 година зголемен за стапката на инфлација при што трошокот за електрична енергија е пресметан согласно цените предвидени на берза (HUDEX) и истите изнесуваат 7.684.581 денари за 2024 година, 7.838.273 денари за 2025 година и 7.995.038 денари за 2026 година;
2. Трошоците за тековно одржување ремонт и услуги за одржување за 2024 година се прифатени согласно барањето а за наредните години од регулираниот период се зголемени за стапката на инфлација и истите изнесуваат 2.497.808 денари за 2024 година, 2.547.764 денари за 2025 година и 2.598.719 денари за 2026 година;
3. Трошоците за осигурување на основни средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 482.001 денари за 2024 година, 492.123 денари за 2025 година и 504.426 денари за 2026 година;
4. Трошоците за бруто плати за 2024 година се утврдени согласно нивото на плати исплатени во претпријатието во јануари 2024 година и клуч од базната 2022 година, а за наредните години од регулираниот период се зголемени за стапката на инфлација и истите изнесуваат 44.610.253 денари за 2024 година, 45.502.458 денари за 2025 година и 46.412.507 денари за 2026 година;
5. Другите услуги за 2024 година се прифатени согласно барањето а за наредните години од регулираниот период се зголемени за стапката на инфлација и истите изнесуваат 9.127.419 денари за 2024 година, 9.309.967 денари за 2025 година и 9.496.167 денари за 2026 година;
6. Останатите и вонредните трошоци се утврдени согласно остварениот трошок во 2022 година зголемен за стапката на инфлација и истите изнесуваат 5.950.337 денари за 2024 година, 6.069.344 денари за 2025 година и 6.190.731 денари за 2026 година;
7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 472.836 денари за 2024 година, 492.139 денари за 2025 година и 514.051 денари за 2026 година.

Амортизацијата на ново набавените сопствени основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 8.320.963 денари за 2024 година, 8.120.499 денари за 2025 година и 7.923.123 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 417.607 денари за 2024 година, 424.359 денари за 2025 година и 431.616 денари за 2026 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година изнесува 4.375.240 денари, за 2025 година изнесува 4.499.259 денари и за 2026 година изнесува 4.688.513 денари.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства изнесува 14,71 ден/$m^3$ за 2024 година, 14,94 ден/$m^3$ за 2025 година и 15,18 ден/$m^3$ за 2026 година. За категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 19,57 ден/$m^3$ за 2024 година, 19,87 ден/$m^3$ за 2025 година и 20,19 ден/$m^3$ за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**УП1 бр.08-301/24**
**** јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**